**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на
Стопанска банка АД – Скопје за 2025 година

Скопје, мај 2026 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (Н.О. бр.44/27.04.2026 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 28.05.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Ревидираните финансиски извештаи на
Стопанска банка АД - Скопје за 2025 година

1. Ревидираните финансиски извештаи за 2025 година на Стопанска банка АД – Скопје, изготвени согласно сметководствената регулатива во Република Северна Македонија се УСВОЈУВААТ.

2. Ревидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2025 година и билансот на успех, извештај за промени во капиталот и извештајот за парични текови за годината што заврши и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се ревидирани од друштвото за ревизија *ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје*.

3. Ревидираните финансиски извештаи за 2025 година се составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
28.05.2026 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**Писмено мислење кон ревидираните финансиски извештаи**

1. Во согласност со Законот за банки, на предлог на Одборот за ревизија усвоен од страна на Надзорниот одбор, Собранието на акционери на Стопанска Банка АД-Скопје (СБ) на седницата одржана на 30.05.2025, ја избра ревизорската компанија PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje, како овластен ревизор да изврши ревизија на финансиските извештаи и сметководствената евиденција поврзана со активностите на СБ за деловната и фискална 2025 година, во согласност со важечкото законодавство.
2. Во согласност со законите, избраната ревизорска компанија ги ревидираше финансиските извештаи на СБ кои се состојат од биланс на состојба заклучно со 31 декември 2025 година, биланс на успех, извештај на промени во капиталот и извештај за парични текови за годината која завршува, и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.
3. Надзорниот одбор во целост ја прифаќа одговорноста на Раководството за подготвување и објективно претставување на финансиските извештаи согласно со важечкото законодавство и национални стандарди.
4. Надзорниот одбор целосно ја прифаќа одговорноста на Ревизорската компанија да изрази мислење базирано на нивната ревизија на презентираните финансиски извештаи во согласност со локалните стандарди за ревизија како и во согласност со етичките стандарди, со цел да се стекне разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјални разлики.
5. По извршување на ревизијата на презентираните финансиски извештаи се издава следното:

   *Мислење*

   *Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска Банка АД-Скопје точно ја претставуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2025 година, како и нејзината финансиска успешност и паричните текови за годината што заврши во согласност со сметководствената регулатива на Република Северна Македонија.*

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и добиеното ревизорско мислење. Врз оваа основа, беше заклучено дека финансиската состојба и резултатите на работењето на Банката се претставени вистинито и целосно во релевантните финансиски извештаи. Надворешниот ревизор на Банката нема идентификувано било каков аспект што материјално ќе влијае на финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор ја изразува својата благодарност на Ревизорската компанија за нивната конструктивна соработка и придонес.

Н.О. Бр. /2025
27.04.2026
Скопје

**Надзорен Одбор**

Претседател

Маринис Стратопулос